ДАНЧО ОРДЕВ - 35 ГОДИНИ ТВОРЕШТВО

# Сликар на македонските села

Tweet
Like 0 Share

10 декември 2005 - 00:00

НЕМА СЕЛО ВО МАКЕДОНИЈА КОЕ НЕ СУМ ГО ПОСЕТИЛ И НЕ СУМ НАСЛИКАЛ НЕШТО ОД НЕГО, ВЕЛИ ОРДЕВ, ЧИЈА ЈУБИЛЕЈНА ИЗЛОЖБА Е ВО ТЕК ВО МУЗЕЈОТ НА ГРАД СКОПЈЕ

"Сите овие години не чекав инспирацијата за творење сама да дојде. Секогаш барав повод или поттик да насликам нешто. Пејзажот и старите објекти ми се голема преокупација. За мене старите објекти имаат 'тежина', зошто тие му пркосат на времето. Сликам се што не е направено шематски, како што се гради во последните педесет години. Особено, возбудливи ми се македонските куќи со чардаци", вели академскиот сликар Данчо Ордев, кој со ретроспективната изложба неодамна отворена во Музејот на град Скопје, прослави 35 години творештво и 32 години педагошка дејност.
"Речиси нема село и место во Македонија каде не сум бил. Често сум навраќал во селата во струмичко, скопско, прилепско, светиниколско, Галичник.. Сликам на самото место, инспириран од непосредното доживување на природата", додава уметникот-трагач по возбудливи предели.
Овој јубилеј е одбележан и со објавувањето на монографија за неговото творештво. Предговорот го напиша ликовниот критичар д-р Владимир Величковски, кој вели: "Ордев го потврдува и правилото дека уметникот ја слика својата визија или концептуална идеја, а не ја репродуцира природата. Тој слика според природата, но не ја имитира или пресликува, туку ја преобразува според потребите на својата ликовна замисла".
Ордев, целината - 35 години творештво, ја надополнува со одбележувањето на 32 години педагошка



дејност. "За мене сликарството и педагошката дејност се еквиваленти. Тие во мојот живот се надополнуваат, не можам и без двете", вели Ордев, кој последните десет години е професор на Педагошкиот факултет во Скопје. "Работата со студентите е прекрасна. Нема лоши студенти, туку има лоши професори", додава авторот на 9 книги и коавтор на две книги од областа на ликовната педагогија. На изложбата, која ќе биде отворена до 14 декември, уметникот се претставува со над 90 дела во маслена техника, работени во периодот 1969-2005 година.
Данчо Ордев е роден 1945 година во Скопје. Дипломирал сликарство на Академијата за ликовни уметности во Загреб. Досега има реализирано 16 самостојни и бил учесник на повеќе од 80 групни изложби во земјава и светот, како и на повеќе ликовни колонии.

Фото: Д. АНДОНОВСКИ Анита ЈОВАНОСКА





Like Share Sign Up to see what your friends like.


## Поврзани



[Фантазиите за кои копнеат не можат да се најдат ниту во најлудите соништа]



[Презадоволни сме, во Шпанија лош спот не можеш да направиш!]

